УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3 БРОЈ 3

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012

**ГОДИНА 3** **БРОЈ 3**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

---

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков" 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 ISSN 1857- 8659

# Table of Contents

## Articles

**С О Д Р Ж И Н А**

78: 316.7 78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ...............................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот“ ......................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро“ од Морис Равел ....................................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р Тихомир Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale“ од
Томислав Зографски (1934- 2000) ...........................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми“ од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ...............................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми при пијанистичката интерпретација ..........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици .......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ..............................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип ........................................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување ........................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ....................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево ......................................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалната идентификација .......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците ........................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле ............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти на ората во Пијанец .........................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ............................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

793.31(497.712)

Елена **ТРАЈЧЕВА**

# ПОВОДИ И МЕСТА ЗА ИГРАЊЕ ВО ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Во северозападниот дел на Скопска Котлина се наоѓа релативно малиот етнички предел Скопска Црна Гора кој го сочинуваат 11 села од јужниот дел на подгорјето на истоимената планина. Населението на оваа пределска целина претставува посебна етничка група со свои изразени етнички особини и специфики во поглед на материјалната и духовната култура изразени преку народната носија, обичаите, начинот на живеење, психичките особини. Според етнокореолошките карактеристики обој етнички предел припаѓа на северното играорно подрачје кое се одликува со мошне специфичен и сложен играорен репертоар. Често се случува едно исто оро во различни села да се сретне со различен термин, а има случаи и кога едно оро за кое се користи ист термин да се разликува во поглед на изведувањето, односно структурата на играорниот образец (Јанковић, 1939: 186). Ората се одликуваат со голем број стилски карактеристики, како и со сложеноста на играорните обрасци особено кога станува збор за машките орски игри.

Играта како еден вид симбол на заедница и колектив и нејзината улога во социјалниот живот на човекот истовремено е тесно поврзана со потребата за игра изразена уште многу години наназад па сè до денес. Човекот играта ја користи како начин и момент на изразување на сопствените емоции, расположението, како и физичките способности. Гледајќи на ова од аспект на една селска заедница преку колективната игра, членовите на заедницата ги врзуваат истите емоции, истите цели врзувајќи ги во еден ист ритам. На тој начин играњето претставува еден од најомилените моменти во животот на човекот, но истовремено и потребата од здружување во социјалната средина станува поголема.

Селските собори на големите христијански празници се едни од најмасовните собири каде што селската заедница ѝ придава особено големо значење на играта. Во етничкиот предел Скопска Црна Гора воопшто не се малубројни таквите денови. Поводите за собор во селата истовремено се и поводи за играње и пеење. За таа пригода девојките и ергените најголемо значење му придаваат на сопствениот изглед облекувајќи ги најубавите празнични елементи за облекување.

Празници кои се издвојуваат како денови кога се случуваат најголемите собори во овој етнички предел се Велигден и Божиќ (Јанковић, 1939: 195). Секое село слави една селска или црковна слава и прави собор на кој најчесто присуствуваат и жителите од околните села. Покрај селските слави, секое семејство има и своја куќна слава. Имајќи го предвид податокот дека овој предел уште се нарекува и Света Гора поради големиот број изградени цркви и манастири, селските собори се правеле на сите големи христијански празници. Најчесто соборите траеле по два - три дена и зависно од празникот некои се празнувале во манастирите и црквите, а некои на одредено место во селата: *ливада, чешма, сред село кои со едно име се нарекуваат с'бор или гумење* (Јанковић, 1939: 196).

Местото каде што денес се наоѓа село Сандево се викало *Калемциева Чешма* и некогаш претставувало место каде што се правеле едни од најголемите собори во овој предел. *Тамо сме се собирале сите села. Игранка имало секоја недела од сите празници, осем селски.* Селата Бањане, Горњане, Чучер, Глуво, Бразда, Мирковци биле редовни на соборите кај Калемциева чешма. Село Бањане селска слава прави на Ѓурѓовден и тогаш се прави голем собор на сред село. На дваесет и први септември се прави собор за Мала Богородица кај местото кое се нарекува *кај изворот*, подоцна во селото бил изграден манастир Св.Богородица каде што соборот продолжил да се прави. Во дворот на истиот манастир се правел собор и за дваесет и осми август. Покрај деновите кога се празнувале големите христијански празници, неделните собори биле исто така масовни и значајни. Неделните собори се всушност и појава која овој предел сам по себе го издвојуваат и го карактеризираат, а самото нивно постоење укажува на потребата на населението од здружен начин на живеење, играње, пеење. *Немало недела да не сме биле таму доле на чешма калемциева сега што е го викав Сандево, тамо се свирело, играње е било, тогаш е било нешто милина да живиш.* Поголеми манастири и цркви кои служеле и како место за собор истовремено и за играње во с. Бањани се манастирот Св. Аранѓел и црквите Св.Илија и Св.Никита.

Село Побожје селска слава прави на празникот Мала Богородница. На овој ден, како и на сите други празници, селото прави собори, и тоа на местата *на раскрсницата* доколку е празникот во пролетен или летен пероод од годината или во *месната заедница* во полоши услови и во поново време. Други места за играње во ова село се *на чешму*, *црвеник-вакавска племња*, *у школу*. Местата на кои се павеле соборите секојпат

биле пространи површини на кои имало соодветни услови да се собере повеќе народ и да се игра оро. Местата на кои се правеле собори во текот на летниот период најчесто биле корија со високи дрвја или ливада со стари и високи дрвја или дрво кое има *вакавско* значење или за него постојат многу преданија и верувања.

На Мала Богородица во с.Побожје доаѓале гости од с. Кучевиште. Но, централното место припаѓа на селаните од селото каде што се прави соборот, особено ако станува збор за селска слава каде што кумот на славата ја има централната позиција. Мешањето на селските собори меѓу селата со христијанска вероисповед зборува и за податокот дека не постоеле бариери меѓу населението кога е во прашање мешањето на бракови. Многу честа појава, особено во поново време, било девојка да се омажи во некое од соседните села.

Кучевиштани биле чести гости на соборите во Побожје, но затоа на соборот на Спасовден во Кучевиште доаѓале селаните од Побожје, Бродец, Љубанци и се собирале на *сред село* кај *трите чешми* и таму се правел голем собор. Претходно се палеле свеќи во манастирот Св.Богородица, подоцна преименувана во Св.Спасија бидејќи меѓу народот постоеле верувања дека доколку ја преименат црквата ќе се спасат многу млади од изумирање. Соборот продолжувал на сред село каде што се поставени трите чешми и една голема црница на средината од ливадата. Соборот на Ѓурѓовден се правел кај манастирот Св.Петка. Во манастирот Св.Арханѓел се славел летен св.Арханѓел на дваесет и шести јуни, а на деветнаесетти декември Св.Никола (Јанковић, 1939: 197). На втори август се правел собор во с. Бродец, на кој често присуствувале селаните од Побожје, Кучевиште и Љубанци. Тие можеле да се фатат на оро доколку сакаат, но не смееле да прават *чалам*: *Ќе се фати, ќе игра човекот ама да диже малку знајш чалами... да биде прв и да прај чалам, готов је одма га тепат... не смее да диже чаламу. Како ти си дошол у туѓо село и да се праиш петел, не може кој ти дава.* Во поново време голем број на населението од с. Бродец, кое е преселено во с. Белимбегово (Илинден), присуствува на соборите, а со нив и голем број гости. Село Бродец си имало свои сурлаџии и тупанџии за селските собори кои потекнувале од семејствата Јошови, Крушкарови, Панкови. Втори август е селска слава и на с. Мирковци, а соборот за овој празник се прави кај манастирот Св.Илија.



*Собор во Манастирот св. Илија, 1919 година.*

Други големи собори во ова село се прават на деветти август во манастирот Св.Пантелеј, осми август во манастирот Св.Петка (Јанковић, 1939: 197). Село Глуво селска слава прави на св.Ѓорѓија. Освен на овој празник, собори во селото се прават на св. Архангел (св Ранѓел), св.Јован, св.Илија, св.Атанас. Како места за собори се сретнуваат *сред село*, *кај школото*, на *ливада*. За време на големите христијански празници Велигден и Божиќ соборите се правеле на местото кое се нарекувало *црковна ливада* која е од три страни заградена со високи дрвја. Црковните слави или селски слави се славеле по два - три дена. Првиот ден целото село се собира во манастирот на служба, по завршувањето на службата во црквата се дава ручек. Соборот понатаму продолжува на местото кое важи за збирно место во селото, на пример: сред село. На големите собори присуствуваат гости од околните села кои доколку имаат роднини од селото остануваат да преноќат кај нив, но оние што немаат ноќта ја поминуваат во манастирот кој слави (доколку соборот е во манастир) и тие се сметаат за многу драги гости (Васиљевић, 1930: 392). Наредниот ден повторно се оди во црква на служба, на ручек и на крајот на сред село. Во село Љубанци ваков собор се правел за празникот Св.Јован и траел два дена во манастирот Св.Никола. Собори се правеле за сите три дена Божиќ и Велигден, за Голема Богородица во манастирот Голема Богородица. *Сред село* или *гумно* е просторот каде што се правеле најголемите празнични

собори. Село Чучер ваков собор прави на празникот Св.Никита на дваесет и осми септември во манастирот Св.Никита, село Горњани исто така прави собор за празникот Св.Никита и за првиот и вториот ден на Духови, село Бразда на празникот Св.Атанас триесет и први јануари, (Јанковић, 1939: 197) село Љуботен прави собор на празникот Ѓурѓовден, шести мај во црквата Св.Никола. До црквата се наоѓа голем стар даб кој се смета за вакафско место (Стојановски, 1994: 123).

Покрај селските слави и манастирските слави, за населението од овој етнички предел од особено значење се и празнувањата на куќните или семејни слави и имендени. За време на ваквите семејни собири особено во зимски услови се играло и на големите чардаци од куќите (Јанковић, 1939: 198). Куќите на планинските села се изградени со големи затворени чардаци, како, на пример, познатите куќи на Краклови, Рајлови, Андасарови во село Љубанци (Стојановски, 1994: 9). Покрај специфичната архитектура во селата од овој етнички предел, здружениот начин на живеење кај луѓето придонесол самото население да изнајде модел на *собиралиште* каде што ќе можат да се собираат младите девојки во селата и заедно да ги извршуваат домашните обврски, како ткаење, предење, плетење, везење итн. За таа цел во периодот од есен до пролет девојките домашните ракотворби ги правеле во т.н. *куќарици*. Тие биле изработувани од ѓубре на гумно, во кружна форма и во височина од еден до два метра. Внатрешниот дел бил обложен со ‘ржаница, подот бил покриен со рамни дрвја и обложен со ‘ржаница, а покривот бил изработен од сноп долга ‘ржаница во вид на чадор и се нарекувал *кавтарка* (Стојановски, 1994: 114). Во куќариците смееле да влегуваат само здружените девојки кои во текот на целите денови го подготвувале чеизот за својата свадба, но, и покрај ракотворењето, тие на овој начин ја развивале и вокалната традиција поминувајќи добар дел од денот во пеење.

Покрај соборите за големите празници во селата од овој етнички предел, свадбите претставуваат една од најзначајните моменти каде што може да се собере многу народ. При тоа свадбите претставуваат можност за веселење, играње и пеење. Речиси во сите села свадбите се правеле по три - четири дена и речиси сите имале исти или слични обичаи (адети) кои го сочинувале свадбениот церемонијал. Се заигрувал чеизот на невестата и откако ќе се однесел во куќата на младоженецот чеизот бил прегледуван. Првата вечер одредено лице оди да ги покани кумот, старосватот и деверот на вечера. По вечерата младите играат и пеат во дворот на младоженецот. Девојките од маалото плетат венец од босилек. Ергените фрлаат гаќи или

капа за младите да имаат машки или женски деца. Штом ќе го направат венецот, една од девојките го носи кај момчињата за да дадат пари. Една од девојките кои го плетеле венецот или сестрата на младоженецот го ставала венецот на глава и со него заигрува оро (Стојановски, 1994: 133). Во недела рано наутро се собираат девојки да месат колач. Додека една девојка меси, другите девојки играат оро (Јанковић, 1939: 196). Откако младоженецот со сватовите ќе ја земе невестата, по венчавањето во црква најблиските роднини ручаат во дворот и ја даруваат невестата, а таа им бакнува рака. По дарувањето, во црквата се изигруваат најмалку три ора. Едно од најзначајните ора, кое се изведува само за време на свадбата, е *Кумовото оро* или *Рамно оро* чиј ороводец е кумот (Јанковић, 1939: 196). По венчавката свадбата некогаш продолжува на сред село, некогаш во дворот на младоженецот. Имало случаи кога во едно исто село се правеле по две - три свадби истовремено и се случувало по *три чифта сурли и тупани* да чукаат и да свират на три места или да се спогодат на едно место (Стојановски, 1994: 135). Моментот кога ќе се дознае дали невестата е невина претставува еден од највеселите моменти. *Младожењата со побратимот лично го поканувaат кумот и блиските роднини и дури тогаш започнува вистинската свадба* (Васиљевић, 1930: 379). Покрај орските игри, за време на свадбата во некои села се играат и друг вид на игри, како, на пример, *трчање на крпа*. Се организира натпревар во трчање и кој ќе стигне прв на целта добива крпа (убрус) (Васиљевић, 1930: 380). Доколку невестата е невина, во вторник свекрвата прави блага ракија. Таму се собираат најблиските роднини (жени) и прават женска веселба. Најприсутен е моментот кога ѝ ја палат кошулата на свекрвата во предниот дел или во поново време ѝ ги палат гаќите. Се случува жените кои се под дејство на алкохол да изведуваат машки фигури на игра *поклекушки* да клекнуваат, да се вртат: *На свадба ќе се развеселеу малце, ќе се поднапиеу и ќе вртеу крпички ајдеее поклекушки*.

**Користена литература**

Хаџи Васиљевић, Ј. (1930). *Скопје и његова околина*, *историска, етнографска и културно - политичка излагања*, Београд

Димовски, М. (1977). *Македонски народни ора*, Од репертоарот на Националниот ансамбл за народни игри и песни Танец, Институт за фолклор, Скопје

Здравев, Ѓ. (1996). *Македонски народни носии 1*. Матица Македонска. Скопје

Здравев, Ѓ. (2005). *Македонски народни носии*. Матица Македонска. Скопје

Јанковић, Љ. и Д. (1938). *Народне игре,* књига lII. Београд

Јаневски, В. (2010). *Главни карактеристики на играорните подрачја,* Зборник на трудови ll. Семинар за традиционална музика и игра. Илинденски Денови. Битола

Стојановски, Б. (1994). *Љубанци и Скопското Црногорие*. Скопје

Јовчев, П. (2000). *Раштак фолклорна разгледница. Скопје*

Јовчев, П. (1993). *Луѓе, години и настани*. Скопје

Манџуков, П. ( 2011). *Скопска Црна Гора - Битови белешки*. Скопје

Петровић, А. (1907). *Народни живот и обичаји у Скопској Црној Гори*. Београд